





БИЛТЕН БР.4

# 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

07-14 јуни 2013







# Средовечниот Фестивал ја докажува својата зрелост

*Ете, се случи и тоа!!! Зад нас оставаме уште едно издание на најпрестижниот македонски теататарски бренд, како успешна симбиоза на класичното и модерното, на сензибилитетот и суптилноста, на естетиката и креативноста. Музите на Талија, не штедејќи се воопшто, седум дена не вдахнуваа со здивот на љубовта, на убавото, на срекáта, на уметноста, со магијата на ТЕАТАРОТ, кој пак, ја има привилегијата да ја чува уметноста на еден посебен начин, како своевиеден амалгам на интимност и објективност, зачинет со очекувањата и префинетите вкусови на оние што го конзумираа. Сцената е веќе празна, светлата се изгаснаа, илузијата исчезнува. Театарот, по многуте "Невести", "Женачки" и "Свадби" на "Балканот кој не е мртов", движејќи се во "Пар" со публиката, исто како "Изгубените Германци" кои ги раскажуваат "Шекспировите приказни", или, пак "Травничката хроника", пред да се доживее "Падот на Масада" - отиде да си отпочине во "Сатенските бели ноќи", доживувајќи го "Делириумот за двајца". Несомнено, веќе е зрел средовечниот Фестивал. Но, и мудар....!!! За без суета да ги прифати критиките за малите повремени осцилации при приказот на театарските дејства и да ги разбере како своевиден сигнал за извесни корекции, кои ќе го доведат чекор поблиску до сознанието дека македонскиот тетатар, воопшто, блика како исконска стерна, која трескавично се обидува да си го најде својот најадекватен тек до сопствениот "слив". Зашто, ТЕАТАРОТ зближува, но, знае и да боцка, да удира онаму каде што најмногу боли, да укажува, да резонира, да биде чекор пред времиштата кои се наше секојдневие!!! А, средовечноста е зора на мудроста, нели...?!*



**д - р Ана Стојаноска,** доцент на ФДУ - Скопје

## СЕ ВОЗОБНОВИ СИЛАТА ВО ТЕАТАРОТ

**Повеќето театари имаат подмладени ансамбли? Што значи тоа за нив, за театрите и Фестиалот?**

- Се разбира дека секое подмладување е добро, младите имаат прилика да учат и од постарата генерација, меѓутоа и да внесат нова струја во театарот. Јас сум среќна што е подмладен целиот тим на сите театри во Македонија, и што моите и идни студенти имаат прилика да настапуваат на сцените низ Македонија. Тоа е во однос на театарите, а во однос на Фестивалот имаме посебна прилика да ги видиме, овие денови додека сме тука, како играат студентите - сегашни и некогашни од сите факултети низ државава и да го покажат своето знаење. И мислам дека е многу добро како една идеја да се возобнови силата во театрарот.

**Какви нови струења носат?**

- Секој од има свој потенцијал, а воедно и потенцијал на својата генерација. Бидејќи театарот постојано се менува тие се во допир со тоа што се случува со тетарот во сегашноста, не само овде, туку и надвор поради достапноста на театарот преку интернетската комуникација итн, така што имаме прилика сите ние кои што го следиме театарот редовно да гледаме на кој начин се развиваат актерите во Македонија денес.

**А што донесе овој фестивал?**

- Овој фестивал донесе една слика за тоа што се случува низ театарите во Македонија. Имаме прилика да ги видиме сите театари, кој на што работи и како ја гради својата репертоарна политика, гледаме претстави на многу млади режисери, на средната и повозрасната генерација. Гледаме како театарот се бори за своето место бидејќи во денешно време многу тешко е да се изборите за сопствено место посебно што театарот го имаше тој примат на единствен медиум долго време, меѓутоа сега има нови медиуми, посебно електронските, така што имаме една убава прилика да видиме што се случува со театрите. Се разбира дека секој театар е различен, секој си има своја политика и стратегија на развој и убаво е да се види на едно место како се одвива цел тој развиток на театрите.

**Братислав Димитров,** драмски автор, добитник на наградата за текст

## ДРАМСКИОТ ТЕКСТ Е ДОБАР АКО ЖИВЕЕ НА СЦЕНАТА



Уметничкиот директор Петар Темелковски често нагласува дека годинешното издание е посветено на домашаниот автор. Меѓу застапените автори е и Братислав Димитров со претставата "Ноќите во бел сатен" во изведба на велешкиот театар.

**Има ли доволна понуда на домашна драма?**

- Домашната драматургија е како домашна храна. И секогаш е потребна и присутна. Оваа година за среќа има 5-6 автори од различни генерации кои се изразуваат на различен, својствен за нив начин. Постојано го повторувам тоа дека без национална драматургија невозможно е да се направи национален театар.

**Кој беше мотивот за да се напише драмскиот текст?**

- Целиот Балкан е еден "мачо" простор. Пиесата "Ноќите во бел сатен" е речиси единствена на таа тема и на еден ироничен начин и со многу љубов ги прикажува ликовите кои одат по инерција на таа "мачо" филозофија. Тоа е приказна за тројца ликови од различни генерации кои одат во санаторим кај докторка. Се обидов преку конкретна и секојдневна приказна присутна во сите земји, да извлечам една парадигма, една метафора дека денешниот свет за жал не доживува повеќе т.н. "духовни" оргазми. Значи нема приказна, сите идеологии, религии и системи кои се распаѓаа во 20 век, сега во 21 век комплетно се распаднати. Светот се соочува со немање приказна. Светот е во потрага како понатаму да продолжи зашто кризара се случува апсолутно во сите сфери и на сите нивоа!?!

**Како да се стимулира уште повеќе домашниот автор?**

- Има многу начини. Менаџерите на театрите треба поактивно да нарачаат текст. МНТ имаше конкурс каде и наградата беше солидна и анимираше многу атори. Конкурсот за домашен драмски текст постојано е отворен. Домашната драма секој ја сака затоа што на најубав и најдиректен начин комуницира со публиката, го одразува духот на времето и комуницира и полемизира со локалните проблеми и дилеми. Немам страв. Секогаш во историјата на уметноста и во многу големи држави и региони, имало плими и осеки, тоа е ритамот на животот. Не може да има многу. Убаво е да не се прецнуваме, ниту потценуваме.

**Што сé може да погледнат гледачите на МТФ?**

- Шансата е одлична. Преполни се салите. Дојдов на МТФ веќе со две награди. Претставата ја сака публиката на матичната сцена. Задоволен сум од екипата. Драмскиот текст кога е во фиока или кога се чита, тој е мртво слово на хартија. Добар драмски текст е оној кој живее на сцената.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



НУ Турски театар - Скопје
**“Шекспир во приказни”** според Вилијам Шекспир
режија: Кренаре Невзати-Кери
играат: Биљана Јовановска, Ерман Шабан, Зиба Радонкиќ, Неат Али, Несрин Таир, Осман Али, Селпин Керим, Сузан Акбелге, Џенап Самет, Максим Петровски.

# ПРЕТСТАВАТА . . .

Безвременскиот и вечно инспиративниот Шекспир како уметничка провокација и за ансамблот на Турскиот театар се покажа како полн погодок со изведбата на претставата “Шекспир во приказни”. Трансформацијата на ликовите на актерите кои, од сцена во сцена минуваат низ психолошките состојби на Хамлет, Магбет, Отело и Дездемона, Ромео и Јулија...одлично кореспондираат со модерното време, правејќи еден интересен позитивистички “набиен” сублимат во кој главната поента е дека животот може и мора да ги победи сите несреќи кои му се испречуваат на патот. Прекрасната кореографија и музичките ефекти одлично се вклопени во актерската игра. Да се состават фрагменти од повеќе дела на Шекспир и тоа во форма на кореодрама, е вистинска мајсторија, која бара и тело, и говор, и кондиција, и дарба. Брзата трансформација на ликовите и на емоциите, како и лесното преминување од актерска игра во танчерски израз и обратно, се главните атрибути на младата екипа од Турскиот театар.

**Сузан Акбелге,** актер

-Уште од студентските денови, не знам зошто, но, некако сум убедна дека Шекспир за мене претставува среќа. Досега сум го играла многу пати, но, да се направи колаж од делата на Шекспир е голем предизвик и сатисфакција за секој актер. Таа трансформација на ликовите ни́ овозможува да се поигруваме со времето, настаните, случките.

**Џенап Самет,** актер

- За мене е задоволство да го играм Шекспир, бидејќи јас го обожувам него и карактерите на неговите ликови. Во нашиот проект ние пет негови драми преточивме во една приказна која тече, трансформирајќи се од лик во лик, од карктер во карактер. Тоа бара голем напор, но, сега, кога веќе ја имаме готова претставата, само можам да кажам дека тоа се слатки маки кои вдахнуваат.

**Кренаре Невзати-Кери,** режија

- Да се работи Шекспир е мошне сериозен потфат, но истовремено е и многу инспиративен бидејќи дава широка можност за креација. Јас се осмелив и се охрабрив да се зафатам со неговите идеи кои се вечни, впуштајќи се во авантура заедно со моите студенти да направиме еден магичен круг и мислам дека успеавме. Досега сме имале само три изведби, но, ако судиме според досегашните реакции на публиката, верувам дека оваа претстава “ќе и легне” и ќе има задоволителна гледаност.

# ПУБЛИКАТА . . .

Мирјана Конеска: Со години го следам МТФ и слободно можам да кажам дека Турскиот театар секогаш имал добри претстави. Така беше и вечерва, интересна, весела и позитивна претстава. Очекувано....!!!

Ружица Тодороска: Убава изведба на вечните шекспирови драми. Енергијата која зрачеше од младиот актерски тим мислам дека се пренесе и врз публиката, која, иако може помалубројна, знаеше да го награди вложениот труд.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



НУ Народен театар - Битола
**"Травничка хроника"** од Иво Андриќ
режија: Бранко Брезовец
играат: Габриела Петрушевкса, Валентина Грамосли, Љубен Најдовски, Огнен Дранговски, Игор Трпчевски, Петар Спировски, Сашо Огненовски,Илина Чоревска, Елена Моше, Борис Чоревски, Никола Пројчевски, Викторија Степановска, Катерина Аневска, Маја Андоновска, Марија Стефановска, Филип Мирчевски, Александар Стефановски, Мирко Лазаревски, Васко Мавровски, Марјан Ѓоргиевски.

# ПРЕТСТАВАТА . . .

Направена да ја внесе публика, целосно со сите сетила, претставата „Травничка хроника„ од почеток до крај „бомбардира„ врз сите сетила. Адаптацијата на романот на Иво Андриќ, типично експлозивна според препознатливиот концепт на режисерот, вртоглаво, во круг (и буквално, зашто публиката е среде дејството) ги ниже настаните во Травник во почетокот на 19 век. Босна и тогаш е средиште на Истокот и Западот, на силите, страстите, без некој што доаѓа да увиди што му прави на населението. Трагите злокобни, тешки што ги оставаат сите, страсно, силовито се одразуваат во комлетниот механизам на актерската игра, израз, пеење.

**Габриела Петрушевска,** актер

- Оваа претстава не е за еден или двајца актери, туку е колективна енергија. Она што е интересно во соработката со режисерот Брезовец е дека кога тој ја зема темата да се постави на сцена, подразбира дека луѓето ја знаат, ја разбираат и секогаш се занимава со тоа да надгради некоја естетика. Да постави свој ракурс. Во оваа претстава играме како на карусел, публиката е атакувана од сите страни со визуелни и секакви ефекти. Токму тоа мене ми беше интересно со него да го истражувам. Францускиот конзул Да Вил е машка улога, но ниту јас, ниту режисерот се трудевме да играм маж. Не се занимававме со тоа, туку го игравме проблемот на ликот. Другото само по себе се надгради.

**Игор Трпчески,** актер

- Ние се жртвувавме сто проценти и се надевам дека вреди. Ако жртвата наша не е за идеја, тогаш не е за ништо друго. Во оваа претстава има многу идеи: тие се исти како оние пред двета, сто години, за жал, можеби и потоа се пак такви.

**Огнен Дранговски,** актер

- Претставата навистина е посебна и убав е чинот што се игра на Фестивалот. Бара многу енергија и концентрација. Така е направека како да е математички пресметана и не смее ништо да се помести. Како домино ефект би била ако нешто се измести. Втор пат соработувам со Брезовец. Тој е перфекционист, некогаш е нелогичен во своите барања, но кога на крајот ќе го видите ефектот, разбирате зошто е тоа така.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Импресивна претстава. Ние сме во средината на дејството и мора да се вртиме постојано. Над глава, околу нас се одвива сé. Убаво направено, силни ликови. Штета што повеќе публика не ја гледа и не е на прилепска сцена.

- Силно, посебно ми се допаѓа, како и секогаш, актерката Петрушевска. Совршена е во улогата на конзулот.

# ГЛЕДАВМЕ . . .

НУ Албански театар - Скопје
**"ПРСТ"** од Дорунтина Баша
режија: Агон Мифтари
играат: Амернис Јовановска - Нокшиќи, Зарије Јонузи, Дрита Каба Карага



# ПРЕТСТАВАТА . . .

Трогателна приказна со силен емотивен набој за една тешка и грда судбина на две жени, свекрва и снаа, кои цел живот чекаат да им се вратат нивните најмили, сопругот и синот. Тричлената исклучиво женска актерска екипа на целата претстава и дава еден необичен и редок предзнак. Свекрвата и снаата соочени со суровата реалност живеат во еден постојан меѓусебен конфликт, продуциран од напнатата ситуација, тие се караат, се тепаат, но, сепак, тие двете, една без друга не може да живеат никако. Темата сама по себе е секојдневна и поради тоа претставата предизвикува особено силни емоции кај женскиот дел од публиката. Самата претстава изобилува со силна, интензивна енергија која како да се чувствува и во воздухот.

**Амернис Јовановска - Нокшиќи,** актер

- Задоволна сум од вечерашната изведба, особено поради фактот што во улога на свекрвата имам можност да ги покажам сите мои актерски способности. Оваа претстава за мене претставува посебен предизвик и затоа што во неа жената ја има главната ролја. Досега сме имале повеќе од десет изведби и слободно можам да кажам дека ова е претстава на која особено емотивно реагира женскиот дел од публиката од тоа што им се случува на двата главни лика.

**Зарије Јонузи,** актер

- Ова е секојдневна тема, но, многу трогателна. Јас ја играм снаата. Во претставата избегнато е она клише за вообичаените расправии меѓу свекрвата и снаата, овие се караат, но имаат причина зошто го прават тоа и зошто се толку напнати. Неприфаќањето на вистинита од мајката дека нејзиниот син е мртов, целата фабула ја прави толку емотивна и тешка така што и од нас како актери тоа бара голема енергија за сето тоа да го извадиме од нас самите и да и го пренесеме тоа на публиката.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Интересна, но тешка драма. Им честитам на актерките за вложената енергија и професионализмот.

- Иако во претставата има само три лика, сепак, изобилува со дејства кои те оставаат без здив. Темата е блиска и тоа ја прави претставата лесна за разбирање. Убава претстава, во секој случај.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



НУЦК "Ј.Х.К. Џинот" - Театар Велес
**"НОЌИТЕ ВО БЕЛ САТЕН"** од Братислав Димитров
режија: Ненад Витанов
играат: Јордан Витанов, Зоран Љутков, Васил Зафирчев, Зорица П. Панчиќ

## ПРЕТСТАВАТА . . .

Поинаква е сликата за светот и различни сме од она што го глумиме и се претставуваме пред себе си, доколку не погледнеме длабоко во нас каде што лежи вистината и одговорите на сите проблеми. Темите за кои никој не сака да зборува може да бидат интересни, забавни. Одличниот драмски текст преточен преку актерската игра ја анимира публиката, надополнето со ненаметлива сценографија и соодветен избор на музиката кој во основата го носи името на пиесата. Театарско доживување кое го исполни секој гледач, пиеса за себепреиспитување. Претстава која се голта во миг.

---

**Зорица П. Панчиќ,** актер

- Мене ми беше премиера. Ја заменувам колешката Маја Љутков, така што и публиката ми беше "премиерна". Осаменоста е главна тема во претставата. Никој не може да избега од осаменоста и неважно е дали е професор, доктор или механичар, писател. Осаменоста е нешто што не опкружува во сегашниот свет.

**Зоран Љутков,** актер

- Прилепчани се познати критичари на секоја претстава бидејќи го имаат фестивалот веќе толку години и имаат можност да ги видат најдобрите претстави кои се случуваат во Македонија. Најсреќен сум кога во Прилеп ќе се одигра комедија и публиката реагира соодветно. Текстот ја носи таа своја универзална порака што е најважно во претставата.

**Јордан Витанов,** актер

- Да се игра во претстава која синот ја режира не е олеснување, ниту пак супериорна позиција. Секогаш има оптоварување кога работиш со свој близок човек бидејќи имаш повеќе обѕир. Олично реагираше публиката. Се забавувавме и ние и гледачите. Младите актери се наши стари колеги со кои работиме веќе 15 години.

## ПУБЛИКАТА . . .

- Одлично, прекрасно беше. Глумците беа интересни, сценографијата соодветна на темата. Мислам дека беше совршено.

- Немам зборови. Добра актерска игра. Има порака за духовниот оргазам, односно да обрнеме повеќе внимание на духовните вредности отколку на материјалните.

- Добро беше да гледаш, претстава за душата.

# О Д Л У К А



Оценувачката комисија на 48-от Македонски Театарски Фестивал "Војдан Чернодрински" Прилеп, во состав: ВАСЕ МАНЧЕВ, претседател и членовите ЈАНИ БОЈАЏИ и МУСТАФА ЈАШАР ги доделува следните награди:

1. НАГРАДА ЗА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ се доделува на **СЕРГЕЈ СВЕТОЗАРЕВ** за рекламниот материјал од претставата „ТРАВНИЧКА ХРОНИКА" во изведба на Народен Театар од Битола.

2. НАГРАДА ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА се доделува на **КРЕНАРЕ НЕВЗАТИ** за кореографија и сценски движења во претставата „ШЕКСПИР ВО ПРИКАЗНИ" во изведба на Турскиот Театар од Скопје.

3. НАГРАДА ЗА МУЗИКА се доделува на **ГОРАН ТРАЈКОВСКИ** за музиката во претставата „ЖЕНИДБА" во изведба на Театар Комедија од Скопје.

4. НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА се доделува на **БЛАГОЈ МИЦЕВСКИ** за костимите во претставата „ЖЕНИДБА" во изведба на Театар Комедија од Скопје.

5. НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА се доделува на **ВАЛЕНТИН СВЕТОЗАРЕВ** за сценографијата во претставата „ТРАВНИЧКА ХРОНИКА" во изведба на Народен Театар од Битола.

6. НАГРАДА ЗА СОВРЕМЕНА СЦЕНСКА ДРАМАТИЗАЦИЈА се доделува на **ВИКТОРИЈА РАНГЕЛОВА** за драматизацијата во претставата „ШЕКСПИР ВО ПРИКАЗНИ" на Турскиот Театар од Скопје.

7. НАГРАДА ЗА МЛАДА АКТЕРКА се доделува на **КАМКА ТОЦИНОВСКИ** за улогата на ЛИЛИ МАРИЈА МАРЛЕН во претставата „ИЗГУБЕНИ ГЕРМАНЦИ" во изведба на Македонски народен театар - Скопје.

8. НАГРАДА ЗА МЛАД АКТЕР "ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ" се доделува на **ВАЛЕНТИН КОСТАДИНОВСКИ** за улогата на КОЧКАРЈОВ во претставата „ЖЕНИДБА" во изведба на Театар Комедија од Скопје.

9. НАГРАДА ЗА ЖЕНСКА ЕПИЗОДНА УЛОГА се доделува на **ЗАРИЈЕ ЈОНУЗИ** за улогата на СНААТА во претставата „ПРСТ“ во изведба на Албански Театар - Скопје.

10. НАГРАДА ЗА МАШКА ЕПИЗОДНА УЛОГА "ДИМЧЕ ТРАЈКОВСКИ" се доделува на **ЕМИЛ РУБЕН** за улогата на КУЧЕ во претставата „ИЗГУБЕНИ ГЕРМАНЦИ“ во изведба на Македонски народен театар - Скопје.

11. НАГРАДА ЗА ТЕКСТ се доделува на **БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ** за текстот "НОЌИТЕ ВО БЕЛ САТЕН" во истоимената претстава во изведба на Театарот „Ј.Х.К Цинот“ од Велес.

12. НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА се доделува на **НЕЛА ВИТОШЕВИЌ** за претставата„ЗМЕЈОВАТА НЕВЕСТА“ во изведба на Театарот „Војдан Чернодрински“ од Прилеп.

13. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА ЖЕНСКА УЛОГА се доделува на **АМЕРНИС ЈОВАНОВСКА НОКШИЌИ** за улогата на ЗОЈА во претставата „ПРСТ“ во изведба на Албански Театар - Скопје.

14. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА се доделува на **ЈОРДАН ВИТАНОВ** за улогата на БЛАГОЈ во претставата „НОЌИТЕ ВО БЕЛ САТЕН“ во изведба на Театарот „Ј.Х.К Цинот“ од Велес.

15. НАГРАДАТА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА и се доделува на претставата **„ЗМЕЈОВАТА НЕВЕСТА“** во изведба на Театарот „Војдан Чернодрински“ од Прилеп.



# ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА . . .



**"ПАДОТ НА МАСАДА"** од Венко Андоновски
субпродукција: Тихомир Спировски
режија: Димче Николовски

Претстава - мозаик од три дела, од кои едниот од нашето современие, а другите два на историски теми.

## МЛАДИТЕ КОНСУМЕНТИ НА ПОЛНОЌНИТЕ ТЕРМИНИ

Не изостанаа ни полноќните претстави за кои помладата публика беше најголемиот консумент. Публиката виде четири претстави од факултетите за драмска уметност - по две од ЕСРА и од ФДУ. Во придружната програма застапени беа и две независни продукции: театарот "Скрб и утеха" и една во продукција на прерано починатиот костимограф и сценограф Тихомир Спировски.



**Александар Степанулески - актер и "учител"**

**Ти си дел од актерската екипа (подмладена) на прилепскиот театар. Имате блескави моменти со претставите на домашната и странската сцена. На што се должи тоа?**

-Па, се должи на тоа што можеби одвреме-навреме правиме добри претстави кои ги препознава публиката насекаде: и овде кај нас и надвор од земјава... се разбира младоста и животот се на наша страна како и потребата за напредок и успех... Другарството во еден тим е есенцијална нитка, а кај нас се уште ја има...



**Повеќето театари имаат подмладени ансамбли. Што значи тоа за уметноста?**

- Значи дека и таа ќе се подмлади... Тоа што се подмладија речиси сите ансамбли докажува дека за театарската уметност воопшто, доаѓа или треба допрва да дојде долгоочекуваната пролет.

**Освен актер сега си во улога и на оној што подучува. Демонстратор си на ФДУ. Каквбж о искуство е?**

- Па, не би рекол дека сум во улога на некој што подучува, повеќе би рекол дека помагам во развојот на креативните процеси кај студентите, што за мене е интересно и ново искуство... Мојот покоен професор велеше кога си со студентите секогаш си на изворот, оттука извира и излегува најчистата енергија... Така што можам да бидам среќен затоа што пијам од тој извор....

# П Р О М О Ц И И . . .



**Промоција на книгата "Театарот како масовна и елитна култура" од Тихомир Стојановски**

"Театарот како масовна и елтина култура" од Тихомир Стојановски, во која се пренесени 12 текстови од авторот, ја промовираше писателот Петар Башески, според кого се работи за сложена книга со уникатна содржина.

- Пред посебни теми, кои тешко да се развојат, односно да се каже што е масовна, а што елитна култура. Ако се мисли на театарот можеби може да се прави разлика. Театарот е место за гледање, просветлување и просветување. Ако се соберат сите работи во едно дело, како ова е многу убаво. Се што е достапно за масовната и елитна култура да биде собрано на едно место да биде достапно до гледачот, читателот. Масовната и елитната култура не ги двојам оти се сијамски близнаци - рече Башески.

**Промоција на списанието "СУМ"**

- Списанието "Сум" прославува 20 години од постоењето. 72 број е посветен на новото драмско писмо. Уредено е од д-р Христо Петрески. Вклучени се драми од Венко Андоновски, Блаже Миневски, Томислав Османли, Трајче Кацаров и Христо Петрески.

- Списанието прави еден интересен увид што се случува во моментот со македонскиот драмски автор - рече на промоцијата д-р Ана Стојаноска.

**Промоција на "Актерот и целта" од Деклан Донелан**

"Актерот и целта" од Деклан Донелан, во превод на Дарко Спасов, е интересна театарска книга, од британскиот режисер, особено за актерите. - Книгата заведува од прво читање. Напишана е на едноставен и лесно разбирлив начин, концентрирана на практичното решавање на некои од централните проблеми со кои се соочува секој актер при создавањето на улогата. Книгата е репрезентативна и референтна и треба да ја има секој актер - изјави на промоцијата д-р Ана Стојаноска.



**СЦЕНСКО ЧИТАЊЕ**

Актерите од прилепскито театар повторно ги докажаа своите актерски квалитети, избрани да ги читаат двата најнови текста на студентите по драматургија на ФДУ - Скопје.

На вториот ден од сценското читање, ги доближија до посетителите текстовите ,, ГИГАНТЕА И КОМПИРОТ,, испитен текст на Мила Јовановиќ, трета година на ФДУ, и ,,АНГЕЛ,, испитен тескт на Катерина Китоска, трета година на ФДУ- катедра за драматургија.



**Ненад Витанов,** режисер

## СЕКОЈА ПРЕТСТАВА Е НОВО ИСКУСТВО

Ненад Витанов (27) е млад режисер кој завршил театарска режија во Цетиње, во Црна Гора пред три години. Во Македонија ова му е седма претстава која ја режира. “Ноќите во бел сатен” е втора претстава со тимот на велешкиот театар, кој од неодамна му е и матичен. Во театарската фела влегува смело, со свој концепт и принцип на работа.

**Зошто се реши да го "печеш" занаетот надвор од Македонија, ако од друга страна на пример, италијанецот Лука Кортина дојде овде да учи режија?**

- Режијата е мојата примарна љубов и ја имав таа несреќа да морам две години да паузирам за воопшто да конкурирам на театарска режија бидејќи на секоја 4-та година примаат студенти на ФДУ. Ова излезе, или едноставно - така требало да биде!

**Син си на актер кој од мали нозе следел претстави и имал можност да слуша театарски замисли. Што е она што го научи во Црна Гора, а го нема во Македонија?**

- Нашиот театар и нашата школа е многу вредна и многу високо респектирана. Но и во Црна Гора има одлични професори, кои ми беше драго што ги запознав воопшто, а камо ли што 4 години соработував и учев од нив. Сé зависи како ќе се вклопиш во средината и како може да го земеш најубавото. Секое излегување надвор и враќање дома, е големо богатство.

**Со кои театри досега си соработувал?**

- Со Битолскиот тетар на два пати, со Куманово, Струмица, Штип. Здравје Боже, наесен во драмски театар. Моментално во Велешкиот театар работам камерна комедија со три лика од познатиот американски писател Дејвид Мемет, а се вика "Американски бизон".

**Што би применил од постарите колеги, од познатите режисерски имиња? Односно каков е твојот пристапот кон работата?**

- Секој процес, секоја претстава е едно ново искуство. Приоѓам секогаш многу искрено , со љубов, посветеност и многу работа. Секој доаѓа сам до формулата за успех. Никој не ја чува во џебот, нема рецепт за добра претстава. Секогаш самиот треба да истражуваш.

**На МТФ видовме урбана комедија. Што сакате да режирате, што Ви "лежи"?**

- Жарновски никогаш не сум ги делел работите, сакам да режирам сé она што ме провоцира на некој начин, и преку себе и колегите да направиме една наша приказна која се случува и можеме лесно да ја препознаеме. Жанрот, сам по себе, никогаш не ме возбудува, туку квалитетот на текстот како на пример овој, на Братислав Димитров, кој кога го видов, знаев дека ќе направиме добра претстава и не се излажавме.

**Дејството како да се развлече. Зошто беше потребно тоа?**

- Тоа беше поигрување со жанровите. Играме комедија и наеднаш свесно го менуваме драстично жанрот за да ја извелечеме поентата, целата мисла на површина, да го кажеме целиот епилог на тоа што се случило. Односно една неодредена ситуација во животот, за која сме се мачеле цело време и наеднаш доаѓаме пред една пустина која бескрајно трае наречена живот.

**Беше предизвик да се режира домашен драмски текст?**

- Огромно е задоволство. Затоа што ова е наше.

**Како е да се соработува со актерите кога меѓу нив е татко Ви?**

- Кога влегуваме во театар , ние сме професионалци, забораваме на семејните односи. Едноставно и двајцата го работиме она што најдобро го знаеме и сакаме. Ние сме актерско семејство. И сопругата Јулија Милкова е актер. Се разбираме.

**Кои дела би сакале да ги поставите онака како што Вие ги замислувате?**

- Многу се, но не би ги спомнувал .

**Радмила Коцевска - Ѓорѓевиќ,** директор на градскиот театар "Бора Станковиќ" од Врање



## ФЕСТИВАЛОТ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" КАКО СТЕРИЈИНО ПОЗОРИШТЕ

- Македонските актери се многу талентирани. Скопската академија е една од најдобрите на Балканот, заедно со белградската. Ми се допаѓа што немате хиперпродукција на актери, како што ние имаме во Србија, што не е добро. Глумците поседуваат неверојатна енергија, талент. А фестивалот,,Војдан Чернодринскии, е многу добро организиран, до перфекција. Ова меѓу другото за билтенот го изјави Радмила Коцевска - Ѓорѓевиќ, директор на Театарот од Врање. Таа случајно разбрала за Фестивалот на интернет.

- Имам обичај да следам се што се случува на театарската сцена во Македонија, бидјеќи имам македонско потекло. Така прелистувајќи по интернет страниците дознав за Фестивалот. Се јавив на телефон, добив покана од Дамчески и еве тука сум. Задоволна сум што сум дел од фестивалската атмосфера, која е многу пријатна. Организацијата на фестивалот е доведена до перфекција. Се запознав со многу луѓе. Гостопримливи сте. Како актерка сум била учесник на фестивалот Јоаким Осоговски и на "Деновите на комедија" од Куманово. Не е лесно да се организира фестивал. Го знам тоа од искуство бидејќи и ние организираме фестивал "Театарски денови", кој не е толку соодржаен. Овој фестивал може да се мери со Стеријино позориште - вели Ѓорѓевиќ.

Таа е фасцинирана од репертоарот на фестивалот.

- Ми се допаднаа претставите, особено прилепската Змејовата невеста. Имате одличен млад ансамбл, одлична режија, со силна енергија. Секоја чест на ансамблот. Иако Театарот ,,Војдан Чернодрински,, надворешно изгледа старо, внатре блика со душа. Битно е што луѓето имаат енергија, што се дружат. Има шанси за соработка. Сакам прилепската претстава да ја видат Врањанци, кои годинава, иако работиме во тешки услови, изгледаа три претстави. Се надевам ќе се исполни желбата за ваше гостување - додава Ѓорѓевиќ.

**проф. д-р Љупчо Печијаревски,** социолог



## ФЕСТИВАЛОТ - ЗНАЧАЕН ЕЛЕМЕНТ ЗА ИДЕНТИТЕТОТ

Кога е во прашање социјалната димензија, социолошките анализи во однос на уметноста се немоќни, зашто уметноста, театарот се над науката, но сепак накратко, од прагматични причини ќе се обидам да укажам на неколку моменти.

Македонија е во еден период, не по своја вина туку тоа е наметнато, кога сé уште се бори да го докаже сопствениот идентитет, да го докаже сопственото постоење, што само по себе не е потребно, но имајќи предвид дека тоа е од некои политички аспекти, секој настан секој чин кој идентитетски не одредува, за мене индивидуално е многу значаен, но и за секој Македонец и за сите нас. Во тој контекст се чини дека Прилеп, а со самото тоа и во голема мера и Македонија, немаат ниту една подобра манифестација од сферата на културата, уметноста, театарот од Фестивалот ,,Војдан Чернодрински,, Имајќи ги предвид текстовите, најчесто од македонски автори кои не само што најдобро го отсликуваат македонскиот идентитет, туку и го формираат, режисерите кои го надградуваат, актерите кои ни овозможуваат да го доживееме и во крајна линија, интеракцијата со публиката, можеби е најзначајниот елемент во идентитетското прашање или улога што ја има Фестивалот во однос на неговото значење. Мислам дека овој Фестивал е нешто најдрагоценото што ни се случува во овој период во нашиот цивилизациски развој.

# АТМОСФЕРА...



**Вредни прилепски техничари**

Техниката од прилепскиот театар и за време на овој фестивал беше вредна. Цело време им помагаа на колегите од другите театри, да ги постават сценографиите за претставите. Сашо, Роберт и Владимир во вистински момент ги овековечи билтенскиот фотоапарат, како работат и ја поставуваат сцената за претставата на Албанскиот театар. Техниката сепак е неизоставен и важен дел од театарското доживување, иако се често "невидливи" додека работат на сцената.

Секоја чест!





#ЌЕ ГЛЕДАМЕ . . .

Петок 14 јуни

20.00ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"

СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

**"АХ, ЉУБОВ МОЈА . . . - турска приказна"**

режија: Коле Ангеловски

НУ Театар Комедија - Скопје



## 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**Покровители:**
Министерство за култура на Република Македонија
Собрание на Општина Прилеп

**Собрание на МТФ:**
Валмир Азири - Тетовски театар - Тетово
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Јелена Жугиќ - Театар "Комедија" - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Зоран Љутков - Драмски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Маја Мицевска - ФДУ - Скопје
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Горан Стојановски - Театар Охрид
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Јордан Витанов - член
Атила Клинче - член
Валентин Светозарев - член
Тони Чатлески - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Јани Бојаџи
Мустафа Јашар
Васе Манчев

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 48. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска, Сашо Тренкоски, "Фан" продукција.

Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk